Bridges of Inclusion

NALAS ЗЕЛС

Мрежата на здруженија на локални власти на Југоисточна Европа (NALAS), заедно со својата членка , Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија- ЗЕЛС, го објавува овој **Повик за пријавување за општини** заинтересирани да учествуваат во:

# ПРОГРАМАТА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИО-ЕКОНОМСКОТО УЧЕСТВО НА ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ ОД РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ

## ПРИЈАВУВАЊЕ ДО 26 ЈУНИ 2026

**Кој може да се пријави?**

**Општините** се поканети да се пријават во партнерство со **локални даватели на услуги** кои се лиценцирани или имаат потенцијален капацитет да обезбедат интегрирани социо-економски услуги (комбинација од социјални, образовни и/или услуги за вработливост) во согласност со националните стандарди и законодавство.

**Кој има корист?**

Програмата ќе поддржи осум (8) избрани **општини** во унапредување на социо-економското учество на **жените од ранливи групи, како и на младите и децата во ризик — особено на девојчињата**.

**Кои се поддржувачките пакети?**

Вработените во општинската администрација и давателите на услуги ќе добијат стручна помош преку следниве пакети за поддршка:

**1. Зајакнување на капацитетите на општините за креирање политики базирани на докази**
Програмата ги обучува општините подобро да ги идентификуваат потребите на ранливите групи и да ја проценат достапноста и пристапноста на постоечките услуги и ресурси. Таа ги поддржува општините во собирање, анализа и толкување на локални податоци, за да можат поефикасно да планираат и да ги усогласат своите стратегии и политики за подобрување на социо-економското учество.

> **Осум (8) општини ќе учествуваат во курс за е-учење на тема "LNOB социјално мапирање и креирање политики базирани на докази". Четири (4) од овие општини ќе добијат поддршка за спроведување на Социјално мапирање во своите заедници.**

**2. Зајакнување на општинските капацитети за дизајн на услуги**
Преку стручна поддршка и размена на искуства, програмата ги поддржува општините да дизајнираат услуги кои ги одразуваат локалните потреби и приоритети, во согласност со националните политики. Општините исто така ќе добијат поддршка за пристап до национални и други извори на финансирање за услугите.

> **Сите осум (8) избрани општини ќе развијат концепти за социоекономски услуги, надградувајќи се на наодите од Social Mapping и други локално достапни податоци.**

**3. Зајакнување на општинските капацитети за воспоставување и обезбедување услуги**
Програмата ги поддржува општините да воспостават, испорачуваат и одржуваат социоекономски услуги за жените од ранливи групи и младите и децата во ризик.

> **Две (2) општини ќе добијат поддршка за воспоставување и почетна испорака на услугите, додека сите осум (8) општини ќе имаат корист од размената на искуствата.**

**Времетраење на програмата**

**Септември 2026- октомври 2027**

**Информативни сесии**

За време на отворениот повик, **ќе бидат обезбедени онлајн информативни** сесии за заинтересираните општини на:

- **19 јуни 2026 во 10:00 часот** на следниов линк: MSTeams линк
- **23 јуни 2026 во 10:00 часот** на следниов линк: MSTeams линк

german cooperation DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT · Implemented by giz · In cooperation with NALAS

Имплементиран од NALAS и ZELS во рамките на проектот "Мостови на инклузија", поддржан преку регионалниот проект "Унапредување на социоекономската вклученост во општините од Западен Балкан" реализиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) во име на Германското федерално министерство за економска соработка и развој.